**проф. д-р Тодор Чепреганов**

**доц. д-р Соња Николова**

# БРИТАНСКИТЕ ИДЕИ ЗА ФЕДЕРАЦИИ И ЗА КОНФЕДЕРАЦИИ НА БАЛКАНОТ И ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Новата поделба на Балканот меѓу силите на Оската и нивните сојузници во 1941 година требало да го претставува „новиот поредок во Европа“. Несомнено, Велика Британија била убедена во победата на сојузниците и од самиот почеток на војната правела разни калкулации за да ги приврзе земјите од Југоисточна Европа и од Балканот кон себе. Затоа постоела и реална основа. Имено, суверените на Грција, Југославија, Полска и на Чехословачка се наоѓале во Лондон и биле во постојан контакт со политичките кругови на Велика Британија што ги помагале. Политичкиот естаблишмент на Велика Британија уште во 1941 година почнал со скицирање на планови за федерации, конфедерации и за сојузи на земјите од Југоисточна Европа и од Балканот и ги охрабрувал сојузничките влади што ги протежирале идеите за такви федерации и конфедерации.

При крајот на 1941 година, во круговите на југословенската влада во емиграција почнала да созрева идејата за формирање југословенска федерација која би се протегала од Трст до Варна, во која Србија била замислена од Битола до Нови Сад и од Босилград до Карловац.[1]

Поконкретни планови во однос на иднината на Балканот почнале да се прават по поразот на Германците пред Москва при крајот на 1941 година. Тој пораз од страна на Велика Британија бил сфатен како можност СССР да преземе акции за продор на Балканскиот Полуостров, па дури и да го окупира. Таа опасност била причина за Британците сериозно да се зафатат со плановите за формирање федерации и конфедерации на Балканот и пошироко во Југоисточна Европа и покрај тоа што ова било во спротивност со начелата на Атлантската повелба.[2]

---

[1] Branko Petranović, *Balkanska Federacija 1943-1948* (Beograd: 1991), 17.

[2] На 9 август 1941 година во заливот Пласенша на Њу Фаудленд, британскиот премиер Винстон Черчил и претседателот на САД Френклин Делано Рузвелт потпишале заедничка декларација позната под името Атлантска повелба, во која биле изложени начелата кои требало да

Од тие причини, уште при крајот на 1941 година Черчил ја дефинирал својата идеја за повоено уредување на земјите од Југоисточна Европа и од Балканот, истакнувајќи „дека во иднина ќе се создадат Европски обединети држави, при што бариерите меѓу нациите ќе бидат сведени на минимум.(…) Јас се надевам дека ќе видам создавање на еден совет кој ќе се состои од десет члена, во кој ќе влезат некогашните големи држави и неколку конфедерации — Скандинавска, Дунавска, Балканска и др.“[3]

Но, идеите на Британците за повоеното уредување на Балканот и на Југоисточна Европа биле правени без „крчмар“. Додека Британците и владите во егзил ги кроеле плановите за повоеното уредувањево земјите од кои доаѓале, на самиот терен други сили веќе правелес вои планови. Имено, во Кралството Југославија комунистите постепено, но сигурно, чекор по чекор, станувале неприкосновени господари како на политичкитака и на воен план. Јосип Броз-Тито, како лидер на најголемото националноослободително движење на Балканот, уште за време на војната ја формира Југославија како федерација, во која една од федералните единици би била Македонија. Воедно, прави планови за вклучување на сите делови на Македонија во новата федеративна единица. Тоа го поттикнало и така присутниотбритански страв од обединување на Словените, чија цел би била и отцепување на делот на Македонија во рамките на Грција и формирање обединета Македонија, што, од своја страна, претставувало сериозна опасност за нивните комуникациски линии во источниот средоземен басен. Конечно, ваквите идеи ја имале поддршката на Москва.

Со потпишувањето на Тројниот пакт (25 март 1941 година), воениот удар(27 март 1941 година) и содоаѓањето на генерал Друшан Симовиќза премиер се очекувало дека ќе настане промена на внатрешен и на надворешен план во

---

ја насочат политиката на ВеликаБританија и на САД во ист правец, а за подобра иднина на светот. Меѓу другото, во Повелбата се истакнува дека:

„Прво, нивните земји не тежнеат за какво било зголемување, за територијални или какви било други проширувања; второ, тие не сакаат да видат никакви територијални промени кои не се во согласност со слободно изразените желби на народите за кои се работи и трето, тие го почитуваат правото на сите народи слободно да го изберат обликот на уредување во кое ќе живеат и сакаат суверените права и самоуправа да им бидат вратени на оние на кои сосила им се одземени.“Vinston Ćerćil, *Drugi svetski rat,* tom III, Velika Alijansa (Beograd: Prosveta, 1966), 407.

[3] Winston Churrchill, *The Second World War*, vol. IV (London: 1950), 504.

Кралството Југославија. Но, наместо промени, новата нехомогена влада веднаш почнала да преговара со Хитлер и да ветува дека нема да го напушти Тројниот пакт, дека ќе ги признае сите обврски што биле преземени од негои немала храброст да направи радикални чекори во однос на дотогашната политика и покрај фактот што државниот удар бил извршен токму поради потпишувањето на пристапувањето на Кралството Југославија кон Тројниот пакт. Со еден збор, новата влада останала на позициите на старата.

Во меѓувреме, Хитлер веќе го подготвувал планот за напад на Кралството Југославија. Тој се случил на 6 април 1941 година од страна на нацистичка Германија, фашистичка Италија и на Унгарија. По нападот, Владата на Кралството Југославија и кралот Петар II ја напуштиле Југославија и во панично бегство се повлекле преку Босна кон Црна Гора носејќи го државното злато. На 16 април Владата пристигнува во Атина, каде што е објавена прокламација во која се обвинува хрватскиот народ за предавство и за брзиот пораз на Кралството Југославија. На 20 април 1941 година Владата на Кралството Југославија се префрла во Палестина и престојува во манастирот Тантур, а потоа заминува за Каиро и на 21 јуни 1941 година пристигнува во Лондон, каде штое пречекана како сојузничка влада. Таа влада била признаена како единствен претставник на Кралството Југославија и носител на нејзиниот државен и меѓународен континуитет, на тој начин осигурувајќи ги идните стратегиско-политички интереси во повоена Југославија. За Велика Британија, владата на генералот Симовиќ го претставува континуитетот на државата и гарант дека по завршувањето на војната ќе се врати стариот поредок.[4]

При крајот на 1941 година повторно оживеала идејата за формирање федерација, чиј нуклеус би претставувале Грција и Кралството Југославија. Во неа по ослободувањето се предвидувало да влезат и други држави од Балканот,особеноБугарија, чие вклучување „било дел од поголема и многу пограндиозна шема за создавањето федерации што ќе се протегаат од Балтичките држави до Крит, со цел да се создаде бариера што ќе го спречи

---

[4]Види поопширно: м-р Тодор Чепреганов, *Американски печат за НОВ во Југославија (1941—1945*) (со осврт на Македонија) (Скопје: Институт за национална историја, 1992),31.

идното германско или руско навлегување во источно-централна Европа“. Според еден од експертите на Министерството за надворешни работи, Рендел, „тоа не само што би ја изменило географската ориентација на Југославија и ќе ја олеснело нејзината економска зависност од Италија, туку и ќе им помогнело на про-балканските и православни Срби да ја вратат рамнотежата на религијата и културата, бидејќи вклучувањето на милионите православни и балкански Бугари ќе претставувало против мерка на ’централно европските‘ и католички Хрвати и Словенци“. Исто така, тој сметал дека федерацијата би претставувала решение за македонското прашање и дека „Македонија (...) повеќе нема да претставува јаболко на раздорот“.[5]

Во 1942 година Британците ја поставиле рамката во однос на својата балканска политиката. Според нивните анализи, „единствениот инструмент што ни стои на располагање за да ја спречиме советската доминација на Балканот тоа е политиката на една балканска конфедерација што ги вклучува Бугарија и Романија“.[6] Но сепак, „споменувањето на јужнословенски блок, предизвикувало алергиски реакции во британското министерство за надворешни работи“. Од страна на Службата за истражување и прес на британското Министерство за надворешни работи биле изготвени повеќе планови за можни федерации, конфедерации и унии на целата територија на Европа.[7] Според нивните анализи,биле замислени две големи конфедерации, со кои сметале дека ќеможе да се спречи идна германска доминација во Источна Европа: „(...) северна конфедерација што ќе ги вклучува Полска, Чехословачка и Унгарија, и јужна, што се состои од Бугарија, Југославија, Грција и Албанија.“[8] И во овие идејни решенија македонското прашање било претставено како „најтешко прашање“. И покрај тоа што сметале дека може да биде посебна единица, Македонија „се сметала за премногу назадна и ’примитивна‘ за да стане член во конфедеративната структура што ја дизајниралеекспертите во Балиол колеџ. Освен тоа, имајќи ги на ум бескрајните расправии за националноста на нејзините жители, не можеле да се

---

[5] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање, Велика Британија и Јужен Балкан, 1939 – 1949* (Скопје: Арс студио), 109.
[6] Димитрис Ливаниос, *Македонскотопрашање,ВеликаБританија и ЈуженБалкан*, 114.
[7] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање, Велика Британија и Јужен Балкан*, 116.
[8] Димитрис Ливаниос, *Македонскотопрашање,ВеликаБританија и ЈуженБалкан*, 116.

оформат граници според 'етничките' линии; ниту, пак, се препорачувал референдум во толку 'немирна и неконтролирана' област."[9] Имено, за време на Првата светска војна тие ја сметалеМакедонија за „ прикриен штетник, што само шири несреќа. Македонското движење имало репутација дека постојано се наоѓа на спротивната страна, бидејќи се поврзало со Италијанците, Германците и Русите; додека Македонците како целина биле 'тешки луѓе', тие, според Британците, немале јасна национална припадност, при што веројатно е дека би им било навистина тешко да изберат кому ќе му бидат лојални, доколку тоа се побара од нив (...)."[10]

Таквата лоша перцепција за Македонците предизвикала кај Британците огромно сомневање во тоа дали Македонија може да се обедини. „Можеби југословенска Македонија би можела да биде федерална единица во склоп на силна и федерална Југославија – или во склоп на јужнословенски блок, како што предложил Рендел – бидејќи Британците доста добро знаеле дека жителите на таа провинција не можат да го поднесат Белград. Сепак, Македонците биле најдобри во тоа да кажат што презираат, наместо за што се залагаат. Затоа било подобро нивната насилна лојалност да остане ограничена во склоп на предвоените граници."[11]

До средина на 1943 година експертите на британското Министерство за надворешни работи создале нова архитектура за балканските држави, како и за цела Источна Европа. Всушност, самиот обем на оваа документација ги збунил дури и оние што, наводно, можеле да го разјаснат прашањето. На 9 август 1943 година ДагласХауард, раководител на Јужниот оддел, забележал дека „постојат квадратни метри хартија за можните конфедерации (...) но немаме никаква идеја што ќе претпочитаме". Од своја страна, „Грците никогаш не биле посебно заинтересирани за федерацијата, и често се судирале со Југословените за целите и нејзината суштина".[12]

---

[9] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање,ВеликаБританија и Јужен Балкан*, 117.
[10] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање,ВеликаБританија и Јужен Балкан*, 122.
[11] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање,ВеликаБританија и Јужен Балкан*, 122.
[12] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање,ВеликаБританија и Јужен Балкан*, 117.

Првиот чекор за операционализација на идејата за склучување унија меѓу Кралството Југославија и Кралството Грција го направил министерот за надворешни работи на Кралството Југославија, Момчило Нинчич, која на 16 октомври 1941 година Рендел му ја изложил на Министерот за надворешни работи на Велика Британија, Антони Идн. Според она што Нинчич му го изложил на Рендел, унијата требало да ги надмине рамките на една царинска и монетарна унија и да претставува обединување на воените потенцијали и на надворешната политика, а да се задржат одделните дипломатски претставници во странство.

Во однос на позицијата на другите балкански земји, министерот за надворешни работи, Нинчич, истакнал дека во тој момент, поради состојбата во која се наоѓаат државите на Балканот, поделени и спротивставени едни на други, е неможно да се стапи во контакт со другите балкански влади. Единствено нагласил дека постои можност нешто да се направи во однос на Романија. На изненадување на Рендел, југословенскиот министер истакнал дека во унијата би можела да влезе и Бугарија, за што тој разговарал со Коста Тодоров. Во однос на ова, Британците сметале дека Тодоров не претставува политичар кој има големо влијание и, од своја страна, Рендел бил на мислењедека пред да се пристапи кон формирање каква било унија,ќе биде подобро Србите и Хрватите меѓу себе да ги решат несогласувањата.[13]

Веднаш по добивањето на оваа информација, експертите на Форин офисот дале свое видување. Во забелешките од нивната анализа се истакнува  дека:

— Југославија по војната не би требало да се остави сама и дека е потребно уште сега да се работи на некаква федерална шема без разлика на традиционалните непријателства.
— дадениот предлог ездодевени стереотипен и не може да се смета како сериозен прилог заповоеното организирање на Баланот.
— предлогот не го вклучува предавањето на суверенитетот на дел од државите конституенти. Без тоа, се сметало дека предложената федерација има мали изгледи да биде поефективна отколку сојузите и пактовите што биле склучени пред војната.

[13] PRO FO 371/29783 R 9189/113/67.

— федералните унии се многу големи. Проектираната шема предочувала асоцијација на вооружени национални држави следејќи јапредвоената линија на Југославија, Бугарија, Грција и на Романија, секоја со своја сопствена армија, морнарица и воздушни сили и со своитечудни проблеми и амбиции, кои требало да се решат со „пријателски дискусии“. Тоа, според експертите на Форин офисот, било негледање на фактите в лице. Како отворени останувале прашањата со Албанија, Трансилванија, Македонија и со Добруџа и бугарскиот излез на Егејот.

Според нив, за да заживее некоја федерација на Балканот,потребно е да се исполнат два услова:

- малцинствата, колку што е можно, целосно да бидат застапени како индивидуални единици, т. е. секоја една единица би требало да претставува неподелен интерес и само еден интерес.
- таквите составни единици би биле премногу мали, премногу бессилни и премногу бројни за да можат, било сами или во мали групи, да им се спротивстават на мнозинствата.[14]

Идејата била тој сојуз да претставува само рамка во која подоцна би влегле Бугарија, Албанија и Романија и да прерасне во балкански сојуз. Од своја страна, британската влада ја поддржала оваа идеја, која во сферата на практичната реализација влегла на 15 јануари 1942 година. Со тоа Велика Британија настојувала да ја обезбеди својата доминација на Балканот, т. е. одбраната на своите политички, воено-стратегиски и економски интереси во заднината на источното Средоземје и на Блискиот Исток. Со формирањето на оваа унија се сметало дека почнува процесот на формирање на нова Европа и на демократскиот меѓународен поредок, како гаранција за мирот и благосостојбата во Европа и силен одбранбен бедем против надворешниот непријател. Конфедерацијата била замислена како „политички стожер од Југославија и од Грција, околу кој би се формирала тесна политичка и економска заедница на сите балкански држави“. Од друга

[14] PRO FO 371/29783 R 9189/113/67.

страна, пак, Велика Британија на унијата гледала како на „една силна гаранција против евентуалната болшевичка опасност од североисток“.[15]

Во однос на југословенско-грчкиот пакт, СОЕ од Каиро со телеграма го известува Форин офисот дека:

— не сакаат да водат смешна кампања за југословенско-бугарски пакт, но дека би сакале да водат кампања во корист на предвидената федерација;

— според нив, кампањата во корист на балканската федерација може да се водиследејќи ги зборовите од декларацијата на Идн во однос на југословенско-грчкиот пакт, т. е. нејзините форми како база за источна федерација, и

— идејата за федерација еоснова за нивната пропаганда, за што добиваат одобрување и поддршка од балканските малцинства во Америка.[16]

Ваквиот британски став во однос на грчко-југословенската федерација, несомнено, произлегувал од дотогашното негативно искуство во однос на позицијата на малите држави,чие постоење било базирано само на етнографска основа и без согледување на стратегиските и на економските фактори, кои,очигледно,биле едни од најважните во смисла на одржување на нивната независност во современиот свет, а против тежнеењето на големите сили кон територијална експанзија. Ниту една таква мала држава самата немала никакви шанси да ѝ се спротивстави на Германија, а групирањето какво што било во периодот меѓу двете светски војни, Балканскиот сојуз или Малата Антанта, се покажало какоцелосно неадекватно за да обезбедикаква било форма на колективна безбедност. Обидот за групирање на малите држави за индивидуално да се бранат самите себе од германската агресија се покажал дека е, практично, никаков и окупирањето на една по друга мала земја во Европа од страна на

[15] Советската влада се сомневала во целите на унијата, но невложила формален протест. Таа била сосема свесна дека зад унијата стои Велика Британија, чија цел била да го зголеми своето влијание на Балканот. Branko Petranović, *Balkanska Federacija 1943-1948*, 37.

[16] PRO HS 3/189.

Хитлер, кој се договарал со секоја од нив посебно, само го илустрира математичкиот факт дека сите мали земји се губитници.

Со цел да ги согледаат перспективите на можните сојузи, федерации и конфедерации, на 5 декември 1941 година во Форин офисот бил доставен материјал во кој била направена анализа за Балканот во однос на здружувањето на европските и на балканските држави.

Се сметало дека доколку малите држави во Европа се обединат во некоја форма на конфедерација, во која идејата за индивидуалниот национализам заснован единствено на етнографски принцип би ѝ била подредена на идејата за заедничкиот национализам и во која обединувачка алка би биле заедничките економски и стратегиски интереси, таквата конфедерација би била во можност да претставува реално успешно застрашување и препрека за идната германска агресија. За остварувањетона тој договор би било потребно таа група да сочинува успешна единица, која ќе се самоодржува за политички, економски и за стратегиски цели. Дури и ако таквите мали држави не бидат толку силни да се одбранат себеси, самиот факт што би биле организирани на една успешна колективна основа многу би ја зголемил можноста за ефективна помош од другите држави.

Според британските аналитичари, ниту една форма на балканска конфедерација не би можела да изгледа задоволувачка, ниту во поглед на членовите на конфедерацијата ниту во поглед на нејзината корисност, прво како застрашување во случај наоживувањето на германскиот агресивен дух, а потоа, ако тоа пропадне, и како заштита од германската агресија, и покрај тоа што таа би добилаефективно снабдување за да може да сеодбрани. Затоа се нагласува дека за да се реализира тоа, потребно е да се задоволат два основни услова.

а) Постоење на систем за колективна сувереност, т. е. некоја извршна машинерија, која би обезбедилажелбите на членовите на конфедерацијата како целина дабидат ефективни. Притоа, било потребно државите учеснички да го напуштат стариот принцип на национална сувереност.

б) Додека за Грција, можеби една од најхомогените национални единици во Европа, можело да се очекува да влезе во конфедерацијата со непроменети

граници и, можеби, дури проширена на едно или две места, централистичкиот систем на управување во другите балкански земји се сметало дека,веројатно,би требало да се промени. На пример, Југославија природно можела да биде поделена натри единици— Србија, Хрватска и Словенија. На Трансилванија можело да ѝ се даде автономија.

в) Ова би било остварливо уште повеќезатоа што политичките и економските граници немало потреба да бидат идентични. Старата Романија, Трансилванија и Хрватска економски биле повеќе поврзани со горнодунавскиот басен отколку со Балканот. Но политички, а, исто така,и од гледна точка на стратегиската одбрана, овие територии природно би го нашле своето место како единици во една конфедерација на балканските народи. Така, Романија, Трансилванија, Хрватска и Словенија имале интерес да влезат и во полско-централноевропската конфедерација и во балканската конфедерација. Тие војнички и политички би формирале дел од балканската конфедерација и, во исто време, би асоцирале со полско-централно-европската конфедерација од економски причини.

г) Идеално решение за британските аналитичари претставувало формирањето единствена конфедерација, која би се протегала од Балтикот до Медитеранот, што во „денешнава светска ситуација би значело дека колку што е поголема единицата, толку поуспешно би било спротивставувањето на германскиот притисок, и војнички и економски“. Меѓутоа, се претпоставувало дека тешкотиите на патот на една таква единствена конфедерацијаби биле огромни и тоа требало да се третира повеќе како идеја која би можела да се реализира во иднина отколку како една непосредна цел. Во меѓувреме, Британците ги концентрирале своите напори наформирањето две помали конфедерации кои подоцнаби можеледа се спојат во една, имено полско-централноевропската и балканската конфедерација.

д) Во таква ситуација останувало отворено прашањето за Австрија и размислувањето дали Австрија треба да биде одделена од Германија, а во одредени услови да може да биде иприпоена кон едната или кон другата

конфедерација. Се сметало дека ако когабило дојде до формирање конфедерација од Балтикот до Медитеранот, Австрија сигурно ќе го најде своето место во еден таков субјект.

Во однос на предностите на една балканска федерација составена од мали држави, каде што принципот на колективна сувереност ќе го замени принципот на национална сувереност, се сметало дека со тоа би се решиле многу проблеми кои се појавиле поради„внатрешната љубомора меѓу балканските народи". Според нив, тоа автоматски би го решило проблемот со Југославија, во чиј случај експериментот за обединување три народи во една држава само според расата и јазикот, а поделени порадиразличните интереси и перспективи се покажал како очигледен неуспех. Тоа, исто така, би го решило проблемот со Албанија, која би можела да се вклучи како единица во таква конфедерација било во нејзините постојнинационални граници или намалена како резултат на територијалните концесии на Грција и на Србија.

За Британците многу поважна била опасноста од СССР, кој можел да „добие надмоќно влијание на Балканот преку медиумот на панславистичката пропаганда".[17]

Во однос на Албанија,Владата на Неговото Височество сѐуште немала заземено став по прашањетоза нејзиниот иден статус. Искуството покажувало дека Албанија како мала и економски сиромашна земја не може самата да опстане и во кој било систем на национални држави би морала да се потпре на помошта, економска или воена, од големите сили. Било очигледно дека не треба да се дозволи Италија повторно да ја преземе улогата на заштитник на Албанија. Во британските политички кругови постоело размислување за формирање независна Албанија созаедничка југословенско-грчка гаранција. Но, таа солуција никогаш не се покажала како задоволувачка. Сепак,во случај да заживеела идејата за

---

[17] Во време на воспоставувањето официјални односи со Југославија, идејата за пан-славизмот била отфрлена како реакционерна тенденција, а со почетокот на германско-руската кампања, кај СССР постоеле размислувања за обновување на пан-славистичката идеја, која, според британските информации, одредени елементи во Југославија и во Бугарија биле подготвени да ја прифатат. PRO FO 371/2983.

конфедерација на Балканот, се предвидувало Албанија да влезе како една од неколкутееекономски и војнички слаби единици. Меѓутоа, во врскасо Албанија, се наведува дека„грчката влада ни ги навести нејзините интереси кон Јужна Албанија (алијас Северен Епир)“[18]. Од своја страна, Британците одбиле да го разгледаат тоа прашање сè до одржувањето на мировните разговори. Но,имајќи го предвид фактот дека Грците го добиле овој дел со оружје одИталијанците, како и силното национално чувство во Грција, кое прашањето за Северен Епир го правело уште позначајно,Британците биле на мислење дека ќебиде неопходно да им се излезе во пресрет на грчките претензии.

Од друга страна, и југословенската влада ги информирала Британците дека е наклонета да ја вклучиАлбанија во своитеграници како целосен член на балканската федерација; меѓутоа, доколку грчката влада инсистирала на анектирање на Јужна Албанија, Југословените планирале да ги истакнат своите претензии кон Скутари и кон други албански области населени со Југословени. Но, Југословените сметале дека таквата анексија би ја загрозила позицијата на Албанија како независна држава и затоа се залагале да се оставаат постојните граници.[19]

Во однос на Романија,присутно било гледиштето дека, пред сè, треба да се реши статусот на Бесарабија и на Северна Буковина, кои биле анектирани од СССР. Се сметало дека советската влада ќе сака да ги реокупира овие територии.

Во поглед на Бугарија,и грчката и југословенската влада изразиле подготвеностда ја видат во балканската конфедерација. Според британските анализи, било потребно да се извршат „некои територијални приспособувања во корист на Грција“.[20]

---

[18] PRO FO 371/2983.

[19] Меѓутоа, Британците сметале дека ако им излезат во пресрет на грчките претензии,ќе бидат принудени да им излезат во пресрет и на југословенските. Според нив,тоа прашање барало„јасно и непосредно експертско толкување од економска и од етнографска гледна точка“. PRO FO 371/2983.

[20] PRO FO 371/2983.

Во врскасо Турција,Британците посочуваат дека„се чини дека југословенската влада е наклонета да ја исклучи Турција од конфедерацијата, додека грчката влада не е задоволна што Турција ќе остане надвор“. Причината, според Британците,емногу јасна, бидејќи за „Турција нема да биде приемлива една таква конфедерација во која таа би била единица, бидејќи сосема е сигурно дека таа нема да биде подготвенада се откаже од националната сувереност“.[21] Во таква ситуација, тие сметале дека е потребно да се изнајде начин Турција некако да се поврзе со конфедерацијата. Притоа,се надевале дека Турција ќе ја прифати идејата за балканска конфедерација делумно поради тоа што би ја направила Бугарија некорисна како национален ентитет, а делумно бидејќи колективно би била заштитена од идните германски и руски агресивни намери.[22]

Несомнено, во своите политички планови за повоеното уредување, Велика Британија настојувала уште во текот на војната да го обезбеди своето влијание во Југоисточна Европа и на Балканот. Конзервативните кругови во британската влада во текот на војната не ги согледувале или свесно преминувале преку новите процеси и промени кои се случувале и излегувале надвор од зацртанаташема за британската превласт во повоена Европа. Тоа, пред сè, се однесувало на јакнењето на СССР, на декларацијата на САД против политиката на интересни сфери, како и на неможноста одделните движења на отпорот или народноослободителните движења да ги стави под своја контрола.Во сите свои планови за повоеното уредување на Балканот, Велика Британија тргнувала, најнапред, од ставот за задржување на статус квото во односите меѓу балканските држави и по ослободувањето. Во погледна Југославија, прифаќајќи ја емигрантската влада како меѓународно призната, Велика Британија во текот на целата војна ги застапувала нејзините интереси и се залагала по војната да се задржи истата состојба како пред нејзиниот почеток. Тоа, од своја страна, значело дека таа не го признава македонскиот народ кој се наоѓал во рамките на Кралството Југославија и бил национално непризнат. Меѓутоа, настаните што се случиле на територијата на Југославија и во Македонија во текот на војната ќе ја

[21] PRO FO 371/2983.
[22] PRO FO 371/2983.

принудат Велика Британија да го напушти статус квото и да ја прифати реалноста на Балканот.

Сепак, и покрај размислувањата, плановите и преговорите направени од страна на Велика Британија, поради европските и балканските антагонизми и различните толкувања на идејата за федерации, унии и конфедерации и настојувањето секоја држава да има доминантна улога во нив, ниту една од британските идеи не заживеала.

Sonja Nikolovska

# BRITISH IDEAS FOR FEDERATIONS AND CONFEDERATIONSON IN THE BALKANS AND IN SOUTHEAST EUROPE DURING THE SECOND WORLD WAR

- summary -

The new division of the Balkans between the Axis Powers and their allies in 1941 was supposed to represent the "new order in Europe". Undoubtedly, the UK was convinced of the victory of the Anti-Hitler Coalition and from the very beginning of the war made various calculations to attach the countries of southeastern Europe and the Balkans towards itself. Namely, the sovereigns of the Kingdom of Greece, the Kingdom of Yugoslavia, Poland, Czechoslovakia were in London and were in constant contact with UK political circles who helped them. The UK's political establishment as early as 1941 began drafting plans for federations, confederations and alliances of the countries of Southeastern Europe and the Balkans, and encouraged allied governments to champion the idea of such federations and confederations. The main British idea was to preserve the same system which existed before the war and this countries to be part of the British sphere of interest.

During the war, the British Foreign Ministry prepared several projects for the future regulation of the Balkans and Southeast Europe.